РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-533/3
26.05.2023 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), Градоначалникот на Општина Ранковце на ден 26.05.2023 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ранковце: www.rankovce.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден планскин документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: на површината на предметниот локалитет се предвидени класи на намена што при реализација на предвидените класи на намена не постојат основни индикации за значајни влијанија врз животната средина и на просторот во непосредната околина.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Изработил,
Моме Крстевски

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ РАНКОВЦЕ